Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
__________ 20 ___ год.
Потпис,
____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 11.3-526/1
28.10.2022 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

# ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

## ЗА
## ВРАБОТЕНИТЕ И ДРУГИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ РАБОТИ ВО ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА

Скопје, октомври 2022 година

Вр основа на членот 6 од Законот за Оперативно-техничката агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр 98/19), а поаѓајќи од заложбите за обезбедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста, етички норми, довербата и заштитата на човековите слободи, директорот на Оперативно - техничката агенција ја усвојува следната:

# ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

**за вработените и други лица кои вршат работи во Оперативно-техничката агенција**

## 1. ВОВЕД

1.1 Оперативно-техничката агенција (понатаму во текстот: ОТА) е во функција на градење и негување на личниот интегритет и заложба за воспоставување, засилување и подигнување на институционална клима на интегритет заради обезбедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалната и личната одговорност при вршење на функцијата, јавното овластување и службената должност, транспарентноста, етичките норми, довербата и заштитата на човековите слободи, како темел на доброто управување и стратешки и одржлив одговор на корупцијата како и за кое било несоодветно, неетичко или неморално однесување.

1.2 Оваа Политика на интегритет претставува воспоставување на системот на интегритет во ОТА преку кој се зајакнува институционалната заложба и декларативна стратешка определба и поддршка да се воведе, имплементира и унапредува системот за интегритет во ОТА.

1.3 Службените лице во ОТА при вршење на функцијата, јавното овластување и службената должност, се должни да работат, да постапуваат и да ја извршуваат својата надлежност почитувајќи ги законите, подзаконскте акти и интерните акти на ОТА во согласност со највисоките етички стандарди.

## 2. ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМИ

2.1 Под поимот „Интегритет" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно, транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорни лица, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

2.2 Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

2.3 Под поимот „службена должност" се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

## 3. ЦЕЛИ НА ДОКУМЕНТОТ

3.1 Овој документ треба да придонесе за засилување и подигнување на концептот на добро владеење, во смисла на градење и негување на духот на интегритет на лично и институционално ниво, со што би се поттикнала и обезбедила независнот, професионалност, отчетност во извршување на надлежностите утврдени со законски и други прописи.

3.2 Системот на интегритет во ОТА го означува збирот од сите политики, стандарди, процедури кои ја зајакнуваат отпорноста кон корупција и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на службените лица.

3.3 Концептот на интегритет на ОТА се заснова врз постоечките законски прописи и подзаконски акти во Република Северна Македонија кои го регулираат антикорупциското однесување и спречување на судирот на интереси, етичкото постапување, управувањето со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации, заштитата на јавниот интерес, потоа наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси, транспарентноста и пристапот до информации од јавен карактер, управувањето со квалитет како и овозможување на заштитено пријавување од укажувачи.

3.4 Целта на Политиката на интегритет е да обезбеди и да послужи како насока за службените лица во ОТА при вршење на функцијата, јавното овластување и службената должност, да се раководат и да постапуваат во однос на постоечката национална и меѓународна правна рамка за спречување на корупција, фокусирајќи се на доследна имплементација на стандардите на интегритет и тоа:

- законито, независно, непристрасно, етичко и одговорно вршење на службените должности и работни задачи во согласност со Уставот, законите, подзаконските акти како и во согласност со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на РСМ;
- достоинствено претставување на професијата и службата чувајќи го својот углед и угледот на институцијата за која се одговорни, односно вработени, имајќи ја во предвид специфичноста и одговорноста на дејноста на ОТА, промовирајќи врвни етички принципи, личен интегритет, висок морал и и зголемена одговорност при вршење на службените должности;

- елиминрање на внатрешни и надворешни слабости и ризици во постапки кои претставуваат можност за појава на корупција и судир на интереси;
- отстранување на сомневањата во можностите од настанување појава и развој на корупција и избегнување на судир на интереси;
- градење на силна, професионална, чесна и посветена организација и кадар кои ќе придонесат и обезбедат зајакнување на довербата на граѓаните во вршење на јавните функции и работата на јавните институции со јасна заложба за нулта толеранција за корупцијата;
- квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес;
- примена и доследно почитување на Етичкиот кодекс за вработените и други лица кои вршат работи во ОТА и останати важечки кодекси, применливи при извршувањето на работните задачи;
- управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси и заштита на јавниот имот и средства;
- транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- заштитено пријавување од укажувачи и
- управување со квалитетот.

## 4. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ИНТЕГРИТЕТ

4.1 Оперативно - техничката агенција го воспоставува системот на интегритет на начин кој му овозможува да ги врши работите и извршува своите надлежностите согласно Уставот, Законот за Оперативно-техничката агенција, други закони и подзаконските акти и ратификувани меѓународни договори. Засилувањето и подигнувањето на духот на личниот, професионалниот и институционалниот интегритет е заедничка мисија и одговорност на сите институции, вклучувајќи ја и Оперативно-техничката агенција.

4.2 Оперативно-техничката агенција се залага оваа политика на интегритет да биде достапна и за припадниците на приватниот сектор, граѓанското општество и граѓаните барајќи од нив, како партнери во процесот, да ги почитуваат поставените вредности и стандарди во односите со државните органи и институциите од јавниот сектор.

4.3 Системот за интегритет во ОТА почива на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет и тоа:

- Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси;
- Почитување на етичкиот кодекс релевантен за позицијата на службеното лице;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер;
- Овозможување на заштитено пријавување од укажувачи и
- Управување со квалитет при работењето.

### 4.3.1 *Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси:*

ОТА и нејзините вработени се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување. За да овозможи ефикасно управување со судирот на интереси во ОТА:

- се применуваат прописите со кои се утврдени должностите за пријавување на интересите;
- се укажува на должноста службените лица да внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси, да ја прифатат одговорноста за идентификација и решавање на судирот на интереси во корист на јавниот интерес секогаш кога ќе дојде до судир на интереси;
- службените лица да превземат мерки за избегнување на каков бил потенцијален судир на интереси утврдени со закон, да го известат својот претпоставен во случај на судир на интереси, да побараат изземање и да ги запираат своите постапки под одредени околности согласно закон;
- службените лица се охрабруваат отворено да разговраат за прашања кои се релевантни за судирот на интереси со цел воспоставување и создавање на организациска култура која не толерира судир на интереси.

### 4.3.2 *Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице:*

Вработение во ОТА се должни да го почитуваат Етичкиот кодекс за вработените и други лица кои вршат работи во ОТА и останати важечки кодекси, применливи при извршувањето на работните задачи, а чија цел е да се промовира и да се обезбеди:

- законитост, професионалност и личен интегритет, висок морал и високи стандарди, ефикасност и ефективност во извршувањето на работните задачи, заштита на јавниот интерес, отчетност, одговорност при вршење на службените должности, непристрасност, политичка неутралност, постапување во согласност со овластувањата и статусот, доверливост на информации, антикорупциско однесување, ефикасно и економично користење на ресурсите, а заради градење на силна професионална, чесна и посветена организација.

- почитување на човековите права, еднаков третман и недискриминација по ниту една основа на вработените и на другите лица кои вршат работи во ОТА и на граѓаните.

Управувањето со овој стандард ОТА го спроведува со: *Етичкиот кодекс за вработените и други лица кои вршат работи во Оперативно-техничката агенција* и останати важечки кодекси, применливи при извршувањето на работните задачи.

*<u>4.3.3 Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации:</u>*

Системот на интегритет го опфаќа и управувањето со човечки ресурси во ОТА, а чија цел е да се промовира и практикува:

- навремено и квалитетно годишно планирање на вработувањата и унапредувањата согласно одобрен годишниот план за вработување во ОТА, извештаите за реализација на годишните планови;
- координација на процесот на едукација/стручно усовршување и управување со учинок на вработените,
- вработувања со доследна примена на Законот за ОТА и други закони и подзаконски акти, а согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на ОТА, во согласност со соодветните важечки правила на постапката за избор, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики кои овозможуваат вработувања, селекција и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации и врз основа на објективни критериуми и формални процедури и ефективна правна заштита.
- вработување и унапредување на кадар кој се идентификува со мисијата, визијата и дејноста на ОТА како и работни места кои одговараат на нивните квалификации, вредности и морални начела, со висок степен на личен и професионален интегритет.
- оневозможување на партиски влијанија, фаворизирање, непотизам и кронизам.

Во ОТА се идентификуваат работни позиции кои се особено ранливи на корпција и за нив се предвидуваат посебни обврски во однос на заштита на интегритетот.

Доследно се почитуваат одредбите за неспоивост на функциите, утврдени забрани и ограничувања поврзани со вршењето на функцијата согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Законот за вработени во јавниот сектор.

Управувањето со овој стандард ОТА го спроведува со донесени соодветни интерни акти и тоа со:

*Упатство за постапката на засновање работен однос без јавен оглас во Оперативно-техничката агенција; Правилник за начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во*

*Оперативно-техничка агенција Скопје;Правилник за начинот и постапката за оценување на работниците на Оперативно-техничката агенција; Правилник за начинот на водење на дисциплинската постапка за утврдување на дисциплинска и/или материјална одговорност поради кршење на работниот ред и дисциплина и работни обврски во Оперативно-техничката агенција Скопје, видови на одговрност и видови на дисциплински мерки; Упатство за начинот и постапката за постапување при отсуство од работа во Оперативно-техничката агенција Скопје, со арх.бр.11.3-696/1 од 31.12.2021 година и Упатство за дополнување на Упатството за начинот и постапката за постапување при отсуство од работа во Оперативно-техничката агенција Скопје; Упатство за начинот на користење и евидентирање на работата подолга од полното работно време во Оперативно-техничката агенција Скопје.*

### *4.3.4 Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси*

ОТА демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да ги подобруваат услугите за граѓаните во соодност со природата на нејзината дејност, почитувајќи ги правилата за заштита на тајните, доверливите, класифицираните и личните податоци.

Договорите за јавни набавки , како и другите видови на јавни договори ОТА се обврзува дека ќе ги склучуваат почитувајќи ги начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност со доследна примена за начелата предвидени со Законот за јавни набавки.

ОТА обезбедува максимално економично, ефикасно и ефективно управување и користење на материјалните средства, опремата и другите предмети што им се доверени и го спречува нивното незаконито располагање и предизвикување на материјална штета.

Управувањето со овој стандард ОТА го спроведува со донесени соодветни подзаконски акти како: планирање и реализација на буџетот на ОТА, процедура за планирање, спроведување и реализација на јавните набавки, упатство за начинот на реализирање на службените патувања во земјата и странство, упатство за начинот на користење на службените возила во ОТА, Правилник за начинот на користење на службените мобилни телефони во ОТА.

### *4.3.5 Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер*

ОТА го уредува процесот за пристап до информации од јавен преку активна транспарентност и се стреми кон високо ниво на проактивно објавување на што е можно повеќе информации на својата веб-страница и реактивна транспарентност која подразбира доставување на информации на барање на физичко или правно лице под услови утврдени со закон.

ОТА обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации и демонстрира подготвеност за контрола и надзор под услови утврдени со закон.
Службените лица не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

Управувањето со овој стандард ОТА го спроведува со објавување на интернет страницата на ОТА и тоа: Правилник за заштитено внатрешно и надворешно пријавување; овластеното лице за прием на пријави од укажувачи; интерен акт за управување со судир на интереси; интерен акт за регулирање на постапувањето со подароците, погодностите и гостопримствата; Етичкиот кодекс; Политика на интегритет; интерен акт за спроведување на јавните набавки; интерен акт за користење на службени возила и за реализација на службени патувања итн.

### *4.3.6 Заштитено пријавување од укажувачи*

ОТА постапува и доследно го применува Законот за заштита на укажувачите, други закони и подзаконски акти каде е дефинирано заштитено пријавување. Заштитено пријавување во ОТА може да се изврши како заштитено внатрешно пријавување (директно пријавувње во институцијата од интерес) и заштитено надворешно пријавување (пријавување во Министерството за внатрешни работи, ДКСК, Народен правобранител итн.) процеси кои им овозможуваат на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, со кое се пренесува сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува работењето на институцијата.
Вработените, кандидатите за вработување, волонтерите, лицата кои биле ангажирани за некоја работа, лицата кои се или биле во деловен или друг однос со ОТА, како и лицата кои користат или користеле услуги во ОТА, своите сознанија или сомнежи за казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување во ОТА можат да ги пријават кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ОТА објавено на интернет страницата на ОТА. Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи постапува по пријавите во согласност со воспоставените процедури и Правилникот за заштитено пријавување.
Управувањето со овој стандард ОТА го спроведува со објавување на интернет страницата на ОТА на: Правилникот за заштитено внатрешно и надворешно пријавување и со овластеното лице за заштитено пријавување на ОТА.

*4.3.7 Управување со квалитетот при работењето*

ОТА воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на резултатите од работењето се врши преку мерење, следење, анализа и континуирано подобрување со одговорно планирање, управување и реализација на процесите. ОТА има донесено *Правилник за начинот и постапката за оценување на работниците на Оперативно-техничката агенција.*

ОТА демонстрира способност постојано да обезбедува услуги кои ги задоволуваат применливите законски и регулативни барања, вложување на многу напори во промовирањето на квалитетот и воспоставување на силна соработка помеѓу различни засегнати страни во и надвор од институцијата.

## 5. СПРОВЕДУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ

5.1 Интегритетот на работното место се препознава како целина на институционалниот и личниот интегритет кои меѓусебно се тесно поврзани. Институционалниот интегритет подразбира почитување и промовирање на добро управување, донесување и примена на политики, имплементација на стандарди и процедури воспоставени во една институција, кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупција и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените. Од друга страна, личниот интегритет означува поседување внатрешни вредносни, етички и морални принципи за чесно, искрено, вистинито, достоинствено, издржано и посветено постапување во согласност со поставените легислативни, во полза на јавниот интерес, да се одбегнува судирот на интереси, да се избегнува создавање на негативни услови и амбиент во работната средина.

5.2 Ефикасното спроведување на системот за интегритет и унапредувањето на истиот е заедничка мисија и одговорност на сите вработени и одговорни лица во ОТА.

5.3 ОТА е посветена на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет.

5.4 Раководните структури во ОТА се одговорни и должни преку сопствен пример во континуитет да поттикнуваат и да ги имплементираат стандардите на интегритет, да воспостават доследно спроведување на истиот преку своето лично однесување, со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на вработените кои треба да ги почитуваат барањата за интегритет.

5.5 Градењето на капацитетите се одвива преку создавање соодветни услови за примена на стандардите за интегритет преку редовна едукација на вработените по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми кои можат да се јават кај вработените во секојдневното работење.

5.6 ОТА ќе назначи лице за интегритет кој поседува соодветни професионални компетенции, персонални вештини и морални карактеристики кој е одговорен за советување во областа на интегритетот, судирот на интереси, примањето подароци и други задачи, со цел да обезбеди ефикасно спроведување на системот за интегритет.

## 6. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ

6.1 Системот на следење на примената на системот за интегритет кој е овозможен во ОТА е

а. внатрешен на ниво на самата институција и

б.надворешен од страна на надлежни институциии како на пример: Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК), Државен управен инспекторат, Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информацииите од јавен карактер, Биро за јавни набавки, Државен завод за ревизија, Министерство за правда, Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство.

6.2 Целта на следењето на системот за интегритет на внатрешно ниво е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, процена на степенот на имплементација на стандардите за интегритет, процена на ризици односно факторите кои можат да придонесат кон корупција и преземање на мерки за надминување на ризиците, како и мерење на резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција.

6.3 Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет во ОТА го координира лицето за интегритет на ОТА.

6.4 ОТА се обврзува на соработка со ДКСК и надлежните институции за следење, утврдување и унапредување на системот за интегритет овозможувајќи им да го следи спроведувањето на системот за интегритет во ОТА. За таа цел ОТА се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на надлежните институции за сите активности преземени во насока на примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на ДКСК и останати надлежни институции во однос на јакнење на интегритетот во институцијата.

## 7. ЗАВРШНО РЕЗИМЕ

7.1 Службените лица во ОТА се должни да се запознаат со воспоставената Политика на интегритет на ОТА, истата доследно да ја почитуваат и спроведуваат при вршење на службените должности.

7.2 Оваа Политика на интегритет влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на огласна табла и на веб стараницата на ОТА.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА
ДИРЕКТОР,
Зоран Анѓеловски